ЕДИЦИЈА КОРИСНИ ИНФОРМАЦИИ ЗА ВАШИТЕ МИЛЕНИЦИ

# НАЈДОВ СЛЕПО МАЧЕ БЕЗ МАЈКА, СЕГА ШТО?!

***Како да му помогнете да преживее...***



Здружение за заштита на животни

**АНИМА МУНДИ** - Скопје

## УВОД

***Малите мачиња, исто како и децата се раѓаат потполно беспомошни. Во текот на првата недела од животот не зависат само од нивната мајка туку и од самиот сопственик. По раѓањето мачињата мора да се држат на топло место без провев. Поголемиот дел од денот им поминува во хранење и спиење. Кон крајот на втората недела нивните очи се отвараат и почнуваат јасно да фокусираат со погледот. Во текот на третата и четвртата недела се појавуваат млечните заби. Во овој период тие почнуваат со игра и несигурно се движат и ја испитуваат околината. По шестата недела веќе се привикнуваат на цврста храна.***

Горниот опис е се разбира идеален, но што може да се направи доколку наидете на премногу мали мачиња без мајка мачка? Дополнителен проблем Ви е што не можете да најдете и на друга мајка мачка на која би и ги подметнале најдените мали мачиња! Ова е упатство кое кое може да ви помогне за да преживеат.

Ррво нешто што треба да утврдите е колку е старо.

- **1-14 дена старо** - затворени очи, благо свиткани ушиња;
- **2-3 недели старо** - очите се отворени, ама мачето сеуште нема рамнотежа;
- **3-4 недели старо** - очите отворени, ушите исправени и може да се движи нормално;
- **4-8 недели старо** - може да трча наоколу и е невозможно да го фатите.

## ПОМАГАЛА И ХРАНА

За да можете сами да одгледате толку мали мачиња и да ви преживеат (што е најважно) ви треба следново:

1. **Лактовит** од Зегин (160 денари) + 2 шприца од по 10 мл и 2 шприца од по 5 мл (по 2-3 денари се, а треба да ги менувате отприлика на една недела, односно штом забележите дека шприцот потешко се стиска).
2. **Памук** (има во КАМ - 35 денари)
3. **Ѓезве** (за во него да вриете вода)
4. **Пластични чашки** од оние за една употреба (за да се подготвува смесата со Лактовит).
5. **Мала стаклена тегличка** (најзгодна е од бебешка кашичка- за чување на поголема количина зовриена вода)
6. **Полномасно млеко** (3,2% масленост, се прави раствор со превриена вода во соодносс 3:1, тоа значи 3 дела млеко со еден дел превриена вода).

## ПРОСТОР

Ќе си направите простор (да речеме кај вас во соба на маса) за да се хранат, тука ќе си ги наредите сите работи што ви се потребни - Лактовитот, шприцовите, памук, ѓезвето со зовриена вода, пластичните чашки и стаклената тегличка.

Малото маче треба да се чува во кутија и да се грее со електрично перниче или шише со топла вода за да се симулира топлината што би ја добивало од мајката. Потребно е да има телесна температура од 32 степени целзиусови. **Шишињата со врела вода од 1,5 литри** ќе мора се менува после секое хранење за да им биде постојано топло; внимавајте **ако имате само едно маче-сираче треба да се чува меѓу две шишиња од 1,5 л со врела вода** што ќе се менуваат на истиот начин.

Не е доволно само да им се стави џемпер внатре и да се мисли дека им е топло зашто тие сами не може да произведат **топлина** и може да умрат од студ и покрај тоа што се чуваат во соба и мислите дека се на топло!.

**ПРИПРЕМА:** Во ѓезве се става ладна вода колку за еден филџан кафе и откако ќе зоврие ќе оставите да се излади на собна температура. Откако ќе се излади цела вода се префрла во стаклената тегличка и се полни еден шприц од 5 мл (ако мачето е старо најмногу 2 недели) или од 10 мл (ако е постаро од 2 недели) што го истурате во пластичната чашка. Во чашката за 10 мл вода се става 1/3 лажичка Лактовит (пластичната мерна лажичка што е внатре во пакувањето), а за 5 мл вода количината Лактовит се намалува соодносно. Откако Лактовитот е во водата промешувате за да се изедначи смесата, односно да нема грутки прашок.

**ХРАНЕЊЕ:** Полните еден од шприцовите со смесата и почнувате да **храните.** Ставете го мачето на земја да стои на 4 нозе под агол од 45 степени, исто како што би стоело кога дои од мајка. Шприцот не се мести за директно да му шприца на мачето во грло туку се става странично, не е битно од која страна, како ви е вам најзгодно (или во зависност од тоа дали сте деснак или левак) и се шприца капка по капка. Ставете му ја шприцот во уста и почекајте, не го силете- само ќе сфати. Многу е важно да НЕ го храните мачето легнато на грб како бебе, бидејќи така млекото може да му навлезе во белите дробови и да предизвика проблем. Проблем може да предизвика и ако при хранењето влезе многу воздух заедно со храната. Затоа држете ја шприцот блиску. Откако ќе приметите дека му се наполнило мешето, престанете. Мачето не знае само да престане, а несмее да го прејадете.

**ВАЖНО ДА СЕ ЗНАЕ**: Мачиња стари **до 2 недели** треба да се хранат на **секои 2 часа** (и во текот на ноќта, не само преку ден, што значи дека **во период од 24 часа треба 12 пати да им се даде да јадат**). Откако ќе направат **2 недели** може да се почне со хранење на **секои 4 часа**, а кога ќе направат **3-4 недели** може да се хранат на **секои 6 часа** и потоа постепено да се навикнуваат да јадат сами.

Ова се неколку **СОВЕТИ КОИ ЖИВОТ ЗНАЧАТ**:

- Шприцот по секоја употреба мора убаво да се измие да не остане Лактовит во него.
- Најубаво е мачето да се **храни наизменично со Лактовит и со раствор од полномасно млеко** за да не дојде до иритација на цревата (некои мачиња не го поднесуваат добро „Лактовитот").
- **Не смее да се прави поголема количина смеса Лактовит и да се остава да стои зашто се создаваат бактерии што може да ги убијат мачињата!!! Подготвената смеса Лактовит може да стои најмногу 1-1,5 чад, повеќе не!** Единствено што може да се остави да стои подолго време е зовриената вода што е практично да ја имате во поголема количина за да имате за повеќе хранења, да не морате на секое хранење да зовривате нова.
- Мачињата НЕ смеат да пијат вода директно од чешма, **мора да пијат исклучиво превриена!**
- Не импровизирајте и да правите шишенца за хранење на мали мачиња од садови во кои се чувале лакови/сушачи за лакови или било какви други хемиско препарати зашто многу лесно може да ги оштети и онака кревките цревни ѕидови кај мачињата и да предизвикат многу болна смрт! Колку и да мислите дека сте успеале да го изврието/ измиете таквото шишенце се лажете. Таквите импровизации може да го чинат мачето живот или многу сериозни проблеми што може да му се провлекуваат до крајот на животот!
- Многу е важно да се внимава да не му се наполнат белите дробови со течност, затоа е најубаво мачето само да си цица, односно да влече, од шприцот, така ќе бидете сигурни дека хранењето се изведува правилно. **Ако белите дробови на малото маче се наполнат со течност ќе се разболи од аспирациска пневмонија, ќе почне да кашла, тешко да дише, ќе престане да јаде и на крај ќе умре.**

## ТОАЛЕТ

**ПОСЛЕ СЕКОЈ ОБРОК СЕ ЧЕКА ОКОЛУ 5 МИНУТИ и ќе земете мало парченце памук, ќе го навлажните со топла вода и полека ќе го масирате мачето кај газето и гениталиите за да почне да мочка и да кака. ОВА Е ИСТО ТОЛКУ ВАЖНО КОЛКУ И САМОТО ХРАНЕЊЕ зашто ако не го исфрли изметот може да добие труење и да умре!** Делот околу гениталиите треба да се одржува чист и сув, ако мачето има пролив веднаш треба да се јавите на ветеринар.

Мали маченца најчесто **многу брзо се учат да одат во ВЦ** во песок и околу ова обично не треба многу труд, едноставно кога веќе знаете кога отприлика кака/мочка ќе го пикнете во песокот, ќе му фатите една предна шепа и ќе почнете заедно да копате низ песокот за да му покажете како треба. Мачето ќе оди во ВЦ или веднаш или ако случајно, сепак, чека на вас да го издржите може откако ќе го стимулирате да оди во ВЦ да го ставите памукот со измет/урина во самиот песок. Мачето ќе го намириса и нареден пат ќе си отиде таму во ВЦ. Толку е едноставно! Мали мачиња првите пати кога одат во ВЦ во песок знаат да цивкаат или да мјаукаат силно, тоа не дека нешто ги боли, но едноставно тоа им е начин за да покажат дека сакаат да вршат нужда. Тоа може да ви биде од голема помош во случај мачето да ви седи на кревет со вас и одеднаш да почне да цивка – веднаш ќе знаете дека ви кажува дека сака да оди во ВЦ.

## КОГА КРИЗАТА ЌЕ ПОМИНЕ...

Додека се толку мали треба да пијат по 3-4 мл „Лактовит" на едно хранење, ама ако сакаат да пијат повеќе слободно давајте им повеќе. Мачињата како што ќе растат ќе си бараат сè повеќе и повеќе количински, така што не мора да се грижите дали им давате доволно или премногу, тие си јадат онолку колку што може да им собере. Проблемот е ако не сакаат да јадат доволно или ако од ден на ден не им се зголемува количината што сакаат да ја изедат, или уште полошо, ако таа количина се намалува - во тој случај веднаш треба да се обратите кај ветеринар.

Некаде околу **третата недела од животот** мачето треба да се навикнува да јаде само. Ќе пробате да му ставите во тацна пилешка супа или конзервирана храна за мали мачиња. Исто така, во овој период „Лактовитот" може да го растворате со пилешка супа, а не со обична превриена вода. Супата не треба да има никакви зачини и треба да е правена само со неколку зрнца морска сол. Кромидот, лукот и сличните на нив зеленчуци се токсични за мачиња. Може да ставите сосема мало парче пилешки гради во малку вода и неколку зрнца морска сол, да го испасирате и да му го дадете така да лиже од тацната или со шприц.

## СО СРЕЌА!




Напишала: Драгана Велковска
Припремила: Мелита Иванова


Извор(и):

- лично десетгодишно искуство со чување мачиња,
- секојдневно читање литература со ваква проблематика,
- многубројни и долготрајни консултации со ветеринари,
- здрав разум, логика.

**Здружение за заштита на животни АНИМА МУНДИ - Скопје**